Македонска Акција -МААК / Macedonian Action-МААК МААК се придружува на протестот за слобода на уставобранителите.

За МААК е повеќе од јасно дека со дваесетиседмоаприлските настани, со не уставното, незаконско и насилно формирање нелегитимна парламентарно мнозинство, се реализираше крвавото сценарио на СДСМ за предизвикување гнев и немири кај веќе насобраниот народ, кој мирно протестираше веќе повеќе од два месеци.

Во името на Уставот кој се газеше, во името на законите кои се кршеа, во името на спречување на политичкото насилство кое се одвиваше пред очите на целата загрижена јавност, мнозинството се најде во зградата на Собранието во обид да го спречи почетокот на Националниот крај.

Тие луѓе, меѓу кои можеа да бидат сите оние кои живеат со почит кон Уставот и законите и љубов кон татковината, денес, осудени во монтирани политички процеси, скапуваат во македонските затвори.

Токму затоа, МААК како политичка партија, отворено и недвосмислено се придружува на протестот за правда и слобода на уставобранителите. Слобода, како резултат на правда и правдина, како потврда на нивната невиност, а не слобода како лажна милост од нивните егзекутор. Во тоа име, ги повикуваме и останатите политички партии, за кои вистината и честа се пред лагата и измамата; правдата и правдината пред политичкото лицемерие и, интересите на државата и народот пред личните и партиските интереси, да ни се придружат на собирот близу местото на нивната голгота, затворот во Штип. "За правда и правдина, за слободна држава на слободни поединци"


Горанче Ангеловски
12 години затвор
Јане Ченто
15 години затвор
Игор Југ
12 години затвор
итко Чавков
18 години затвор
ола Митрев
15 години затвор
ран Ѓошевск
15 години затвор
итко Пешов
15 години затвор
ивер Поповск
13 години затвор
Вилијам Михајловски
14 години затвор
аден Додевс
12 години затвор
ивер Радулов
10 години затвор
ушко Лазаро
15 години затвор
СЛОБОДА за Македонските Уставобранит